Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 јуни 2022 година**

**Скопје, јуни 2022 година**

**З А П И С Н И К**

**од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јуни 2022 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, како и Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Небојша Стојановиќ, генерален директор на ТЕЦ Неготино.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 42-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година
- Усвојување на Записникот од 44-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2022 година
- Усвојување на Записникот од 47-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2022 година
- Усвојување на Записникот од 48-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022 година
- Усвојување на Записникот од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2022 година
- Усвојување на Записникот од 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2022 година
- Усвојување на Записникот од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2022 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година**

1. Барање за добивање на согласност за висина на еднократен надоместок, со Предлог-одлука

2. Барање за престанок на користење недвижен имот и преотстапување во сопственост на Општина Пехчево, со Предлог-одлука

3. Барање согласност на Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани, со Предлог-листа

4.Предлог-одлука за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-270/1 (КП.бр.1070, место викано Село, КО Агино Село)

7. Информација за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за периодот 2007-2021 година, која е складирана во силосите на ЈП Агро-берза-Скопје, со Предлог-одлука

8. Годишна сметка на ЈПВ Лисиче -Велес за 2021 година, Годишен извештај на ЈПВ Лисиче-Велес за 2021 година и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31 декември 2021 година со дополнување и предлог-одлуки

9. Информација за состојбата со ЗК „Пелагонија“ АД Битола по однос на тужбата од 2015 година, против ЈП „Стрежево“- Битола

10. Финансиски план за измена на Годишниот финансиски план за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД-Скопје, со Предлог-одлука

11. Информација за присоединување на АД ТЕЦ Неготино кон АД ЕСМ Скопје

12. Информација за состојбата со туристичките знаци по патиштата

13. Информација за потребите на одредување на локација на работни простори на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија во Тетово

14. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

15. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2022 година, со Предлог-одлука

16. Информација за усвојување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, со Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година и Акциски план за спроведување 2022-2023 година

17. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година

18. Предлог-програма за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство

19. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, со Нацрт-текст на спогодба

20. Информација за измена на финансиски алокации во СОПТ 2014-2020 и префрлување на проекти од ИПА 2 во други достапни програми (ИПА 3 и програма за безбеден и одржлив транспорт)

21. Информација во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2022 година

22. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Меѓународниот Аеродром Скопје

23. Информација во врска со Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија за доставување на согласност на Анексот на ТАВ Македонија за продолжување на рокот на важење на Договорот за концесија за две години, со текст на Анекс бр.8 кон Договорот

24. Информација за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука

25. Информација во врска со барање за произнесување и доставување на надлежност Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово, преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

26. Информација во врска со барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем на с.Ѕвегор, КО Ѕвегор, Општина Делчево, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, Општина Кичево, за стабилизација на косина на км 14+280-км 14+593 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Благица Николова, ул.Косовска бр.10А, Кавадарци, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Оливер Тодорчев, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Оливер Тодорчев, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Стевчо Ѓорѓиев, ул.11 Октомври бр.70, Неготино, со Предлог-одлука

33. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во катастарската општина Логоварди, Општина Битола

34. Предлог-одлука за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Орловец“, Општина Куманово

35. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кратово

36. Предлог-одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии

37. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс бет“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Никола Тримпаре“ бр.6, Скопје

38. Информација за давање на трајно користење на недвижна ствар на Собранието на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

39. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Столески против Северна Македонија А.бр.15819/19, со Предлог-одлука

40. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот М.Д. против Северна Македонија А.бр. 46504/18, со Предлог-одлука

41. Информација за добивање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Програма 20-ДКП, ставка 425-договорни услуги, потставка 450-здравствени услуги во странство, во редовниот буџет на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на услуги за здравствено осигурување на вработените во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија и членовите на нивните потесни семејства кои имаат статус на придружба

42. Информација за Акцелераторот за одбранбени иновации за НАТО (Defence Innovation Accelerator for the North Atlantic-DIANA)

43. Информација за одржувањето на вториот Преспа форум за дијалог насловен „Градење на иднината на Западниот Балкан во современата европска архитектура“, 16-18 јуни, Охрид и потребата од меѓуресорска поделба на трошоците и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот

44. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CWIX 22“ во Република Полска, со Предлог-одлука

45. Барање на Фатих Јалчин, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

46. Барање на Пинар Јалчин, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

47. Информација за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, со Предлог-одлука

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на Локална библиотека „Страшо Пинџур“-Неготино)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ЈОУ Библиотека „Феткин“- Кавадарци)

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Северна Македонија (книги)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги, за потребите на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги, за потребите на Градската библиотека „Гоце Делчев“-Свети Николе)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги, за потребите на Јавната општинска установа Библиотека „Ванчо Прќе“-Виница)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје (книги)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги, за потребите на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“-Велес)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура-Крива Паланка (книги)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги, за потребите на Општинска установа Дом на култура „Наум Наумовски-Борче“-Крушево)

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги, за потребите на Јавната општинска установа-Библиотека „Тане Георгиевски“-Куманово)

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги, за потребите на Општинска установа Дом на култура „Драги Тозија“-Ресен)

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги, за потребите на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“-Прилеп)

62. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

64. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, поднесен од група пратеници

66. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

67. Предлог-закон за изменување на Законот за основното образование, поднесен од група пратеници

68. Предлог-закон за изменување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници

69. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

70. Предлог-закон за дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

71. Предлог-закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

72. Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

73. Предлог-закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување на Законот за надворешни работи, по скратена постапка, поднесен од пратениците Антонијо Милошоски и Драган Ковачки

75. Предлог-закон за изменување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

76. Предлог-закон за изменување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

77. Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за периодот 1.1.-31.12.2021 година

78. Годишен извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (РКЕ) за 2021 година

79. Барање за давање на автентично толкување на член 6 ставови (2) и (5) од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/19), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова

80. Барање за давање на автентично толкување на член 279 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20 и 215/21), поднесено од пратеникот Александар Велјановски

81. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.148388, за КО Охрид 4, на КП бр.5438/27, КП бр.5575/12 и КП бр.6417/24, викано место/улица Беј Бунар

82. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2 КО Штип -5, викано место/ улица Гладно Поле, евидентирано во Имотен лист бр.20290

83. Понуда од нотар Иво Серафимоски од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 7508 и Имотен лист број 22320, за КО Тетово 3, на КП број 12625, викано место/улица „Град“

84. Понуда од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8668 и Имотен лист бр.3652 за КО Берово на КП бр.3371 викано место/улица 11 Октомври

85. Известување од извршител Методија Костадинов од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 15 јуни 2022 година, доставено под И.бр.574/21, за налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште запишано на Имотен лист бр.1096 за КО Глуво Бразда, на КП бр. 408/1 дел 1, викано место/улица Крст

86. Кадровски прашања

87. Прашања и предлози

88. Информација за Нацрт-извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2021 -декември 2021 година

89. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2021 година на ТАВ Македонија

90. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за април 2022 година

91. Информација за управување со опасен отпад од фитофармацевтски производи

92. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за периодот 1 јануари -31 март 2022 година

93. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

94. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење

95. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/627 на Советот од 13 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

96. Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија, заради учество во вежбовна активност „Летен кампус 2022“

97. Информација за потпишување на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош (ИПА III), со Рамковна спогодба

98. Информација за одржување на оценска мисија на Европската комисија на тема: Борба против организираниот криминал и корупцијата, со фокус врз конфискација на незаконски стекнат имот и употреба на специјални истражни мерки, која ќе се одржи од 20 до24 јуни 2022 година

99. Информација за критериумите за воспоставување на нов Комитет за градење на отпорност во НАТО и воспоставување на национална структура за спроведување на политика на НАТО за градење на отпорност

100. Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2022/2023 година

101. Информација за потпишување на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска, со текст на Протокол

102. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

103. Информација за потпишување на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска, со текст на Протокол

104. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/660 на Советот од 21 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

105. Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип во академската 2022/2023 година

106. Информација за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународен пазар на капитал

107. Предлог-одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.

Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2022/2023 година

108. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/628 на Советот од 13 април 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на Владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области

109. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

110. Информација со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2022/2023 година, со Предлог-одлука

111. Дополнување на Информацијата во врска со доставената понуда од Европска банка за обнова и развој за финансиска поддршка за тековното работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, доставена на 18 март 2022 година, а во врска со Распоред [10]-Програма на Европската банка за обнова и развој за заемопримачот и реструктурирање на македонскиот сектор за електрична енергија, која е услов за добивање на финансиската поддршка за тековно работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

112. Информација во врска со Решението за распуштање на Советот на Општината Тетово, со Предлог-решение

113. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи (*), по скратена постапка

114. Информација во врска со донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обновливи извори на енергија

*

*       *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2022 година, Записникот од 42-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 мај 2022 година, Записникот од 44-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2022 година, Записникот од 47 -та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2022 година, Записникот од 48-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2022 година, Записникот од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2022 година,

Записникот од  50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2022 година и Записникот од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2022 година

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

Во врска со Годишниот извештај на Европската комисија, Владата ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии, најдоцна до 15 јуни 2022 година (утре), до Секретаријатот за европски прашања да доставaт ажуриран придонес кон Годишниот извештај на Европската комисија .

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година**

Владата:

1. Ги разгледа Барањата од Министерството за внатрешни работи и Министерство за образование и наука за изменување на Законодавната агенда, ги прифати и заклучи да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде декември 2022 година.

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, рокот за доставување, наместо јуни 2022 година да биде декември 2022 година.

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи, рокот за доставување, наместо јуни 2022 година да биде декември 2022 година.
- Предлогот на закон за изменување и дополнувања на Законот за Национална рамка на квалификации, рокот за доставување наместо февруари 2022 година да биде 15 декември 2022 година.

Согласно овие заклучоци, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2022-30.6.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за добивање на согласност за висина на еднократен надоместок, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да постапи согласно мислењето на Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислења од Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата го одложи од разгледување Барањето за престанок на користење недвижен имот и преотстапување во сопственост на Општина Пехчево, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за катастар на недвижности да достават нови мислења по истото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани, со Предлог-листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи по влегувањето во сила и спроведувањето на Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за

изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во Катастарот на недвижности, на првата наредна редовна седница Владата да ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Штип, која предлагачот ќе ја достави усогласена со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-270/1 (КП.бр.1070, место викано Село, КО Агино Село), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на книговодствена залиха на пченица и јачмен за периодот 2007-2021 година, која е складирана во силосите на ЈП Агро-берза-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за отпис на меркантилна пченица и јачмен за сточна храна од стоковните резерви складирани во силосите на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Годишната сметка на ЈПВ Лисиче -Велес за 2021 година, Годишниот извештај на ЈПВ Лисиче-Велес за 2021 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31 декември 2021 година со дополнување и предлог-одлуки (нов текст) заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2021 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2021 година на ЈПВ Лисиче-Велес, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по најновиот текст на Информацијата за последиците по ЈП „Стрежево“-Битола по истекувањето на Договорот за времено одлагање на плаќањето на побарувањето од страна на ЗК „Пелагонија“ АД Битола, а се однесува на камата на главен долг врз основа на правосилна пресуда ТСЖ-262/21 од 11.1.2022 година на Апелациониот суд во Битола, во износ од 45.184.139 денари, согласно предлог-решението предложено во новото Мислење на Министерството за финансии, заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да му укаже на ЗК „Пелагонија“ АД Битола, да го прифати побарувањето спогодбено, односно да се склучи спогодба помеѓу ЈП „Стрежево“-Битола и ЗК „Пелагонија“ АД Битола, со која ќе се потврди побарувањето по основ на

камати за ЗК „Пелагонија“ АД Битола и истото ќе се исплати со меѓусебни компензации во наредниот период, согласно испорачаните фактури од ЈП „Стрежево“-Битола за годишен надоместок и надоместок за испорачана вода.

## Точка 10

Владата по Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план за 2022 година, со дополнување, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД-Скопје, да преземе активности согласно законските прописи, со кои ќе овозможи сите идно вработени кои ќе ги завршат обуките и ќе се стекнат со уверенија, односно сертификати, периодот на нивно задолжително останување во работен однос во Друштвото да биде минимум 10 години.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за присоединување на АД ТЕЦ Неготино кон АД ЕСМ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, одлучи да отпочне статусна промена-присоединување со Акционерско друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост.

2. За целите на присоединување го овласти и задолжи Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да договори и склучи Спогодба за присоединување, која ќе ги содржи податоците предвидени во Законот за трговските друштва.

Спогодбата за присоединување ќе стане полноважна по прифаќањето од Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на двете друштва.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со туристичките знаци по патиштата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да постави нови туристички ознаки на коридорите 10 и 8, во рок од 90 дена.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Ц.О.Скопје, во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во рок од 90 дена да ги обнови старите туристички ознаки на патните правци коридорите 10 и 8.

**Точка 13**

Владата по Информацијата за потребите на одредување на локација на работни простори на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија во Тетово, со дополнувањето, заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за образование и наука и Јавната установа Национален парк Шар Планина да изнајдат заедничко решение за обезбедување работни простории за потребите на Јавната установа Национален парк Шар Планина и за истото, во рок од седум дена, до Владата да достават соодветен предлог (во форма на одлука).

**Точка 14**

Владата по најновиот текст на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по најновиот текст на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2022 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, со Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година и Акциски план за спроведување 2022-2023 година, ја усвои Информацијата и при тоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, како оперативен стратешки документ.

2. Го прифати Акцискиот план за 2022-2023 година за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција и Секретаријатот за европски прашања, а се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош да го известуваат Министерството за финансии на квартална основа за реализација на активностите од Акцискиот план за 2022-2023 година за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на

финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии еднаш годишно да ја информира Владата за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година и Акцискиот план за 2022-2023 година за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, со Нацрт-текст на спогодба и го усвои Предлогот, со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Нацрт спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија да се придржуваат кон ставовите содржани во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, согласно утврдените насоки во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори на Спогодбата, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

## Точка 20

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за измена на финансиски алокации во СОПТ 2014-2020 и преместување на проекти од ИПА 2 во други достапни програми (ИПА 3 и Програма за безбеден и одржлив транспорт), поради потребата од дополнителни усогласувања со Јавното претпријатие за државни патишта.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот Стратешки маркетинг план за 2022 година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Меѓународниот Аеродром Скопје, со дополнувања, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Меѓународниот Аеродром Скопје.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија за доставување на согласност на Анексот на ТАВ Македонија за продолжување на рокот на важење на Договорот за концесија за две години, со текст на Анекс бр.8 кон Договорот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Анексот бр.8 кон Договорот за концесија бр.02-11310 од 24.9.2008 година.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Анексот бр.8 кон Договорот за концесија бр.02-11310 од 24.9.2008 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барање за произнесување и доставување на надлежност Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово, преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и заклучи Министерството за транспорт и врски да постапи согласно своите законски надлежности.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр.3 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 13.12.2022 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го извести концесионерот дека доставувањето на барање за продолжување на рок за изградба треба да биде три месеци пред истекот на рокот, согласно заклучок на Владата.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем на с.Ѕвегор, КО Ѕвегор, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем на с.Ѕвегор, КО Ѕвегор, Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, Општина Кичево, за стабилизација на косина на км 14+280-км 14+593 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-

Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, Општина Кичево, за стабилизација на косина на км 14+280-км 14+593 КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Благица Николова, ул.Косовска бр.10А, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Оливер Тодорчев, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Оливер Тодорчев, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Стевчо Ѓорѓиев, ул.11 Октомври бр.70, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во катастарската општина Логоварди, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Орловец“, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кратово, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Совет за управување со јавни финансии, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс бет“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Никола Тримпаре“ бр.6, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижна ствар на Собранието на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Собранието на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Столески против Северна Македонија А.бр.15819/19, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.
Финансиските средства во вкупен износ од 2.000 евра, кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Столески против Република Северна Македонија А.бр. 15819/19, најдоцна до 22 јуни 2022 година.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.
Финансиските средства во вкупен износ од 3.400 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18, најдоцна до 9 јуни 2022 година.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Програма 20-ДКП, ставка 425-договорни услуги, потставка 450-здравствени услуги во странство, во редовниот буџет на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на услуги за здравствено осигурување на вработените во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија и членовите на нивните потесни семејства кои имаат статус на придружба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за

надворешни работи, за здравствено осигурување на вработените во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија и членовите на нивните потесни семејства кои имаат статус на придружба и тоа:

- дел од 2022 година-14.300.000 денари;
- 2023 година-29.300.000 денари;
- 2024 година-29.300.000 денари;
- дел од 2025 година-15.000.000 денари.

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во Буџетот на Министерството за надворешни работи.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Акцелераторот за одбранбени иновации за НАТО (Defence Innovation Accelerator for the North Atlantic-DIANA) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да биде носител на активностите поврзани со Акцелераторот за одбранбени иновации на НАТО, да ги преземе сите активности поврзани со Повелбата за зајакнување на одбранбените капацитети на НАТО и за истите соодветно да ја информира Владата.
2. Се задолжува Министерството за одбрана да отпочне процес на консултации со сите релевантни институции и со приватниот сектор и до крајот на 2022 година да изработи и достави Предлог-концепт за формирање на националната структура за имплементација на Повелбата за зајакнување на одбранбените капацитети на НАТО.
3. Се задолжува Министерството за одбрана по формалното формирање на Одборот на директори на Акцелераторот за одбранбени иновации на НАТО (DIANA), а најдоцна до крајот на 2022 година, до Владата да достави предлог-номинација за национален член на Одборот на директори на Акцелераторот за одбранбени иновации на НАТО (DIANA).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за одржувањето на вториот Преспа форум за дијалог насловен „Градење на иднината на Западниот Балкан во современата европска архитектура“, 16-18 јуни, Охрид и потребата од меѓуресорска поделба на трошоците и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република на Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република на Северна Македонија и Министерството за здравство заеднички да ги поделат трошоците за организација и одржување на Преспа форум за дијалог насловен „Градење на иднината на Западниот Балкан во современата европска архитектура“, 16-18 јуни, Охрид, во рамките на одобрените буџети за 2022 година, а користејќи ги и сопствените човечки и материјални ресурси.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република на Северна Македонија, да ги покрие трошоците за превоз и угостителски услуги за ВИП гости и цветни аранжмани.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република на Северна Македонија да ги покрие трошоците за закуп на опремени сали во хотелот на настанот и дел од печатените материјали.

4. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила за високи официјални делегации, дежурна екипа во хотелот на настанот и други активности во нивните надлежности.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи по завршувањето на настанот да ја информира Владата, најдоцна до 30 јули 2022 година.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе активности во рамки на својата надлежност за обезбедување на Форумот.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CWIX 22“ во Република Полска, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CWIX 22“ во Република Полска, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето на Фатих Јалчин, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето на Пинар Јалчин за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, во однос на тоа дека ратификувањето на Конвенцијата треба да биде предвидена како законодавна активност во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 (НПАА) и се препорачува на Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за надворешни работи да доставaт барање до Секретаријатот за европски прашања за нова законодавна активност, со планирани рокови за ратификација за да се додели ЕПП број на прописот.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на Локална библиотека „Страшо Пинџур"-Неготино), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ЈОУ Библиотека „Феткин"-Кавадарци), во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Северна Македонија (книги), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги, за потребите на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци"-Скопје), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на Градската библиотека „Гоце Делчев"-Свети Николе), во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на Јавната општинска установа Библиотека „Ванчо Прќе"-Виница), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј"-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев"-Велес), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура Крива Паланка (книги), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (за потребите на Општинска установа Дом на култура „Наум Наумовски-Борче“-Крушево), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги, за потребите на Јавната општинска установа-Библиотека „Тане Георгиевски“-Куманово), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на Општинска установа Дом на култура „Драги Тозија“-Ресен), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“-Прилеп), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со член 1 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита се предлага измена на ставот (1) и ставот (4) во постојниот член 129 од Законот. Со член 129 ставот (1) од Законот за здравствената заштита е уредено дека на здравствен работник со високо образование може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување, преку следење на новините во медицината, стоматологијата, односно фармацијата и унапредување на сопственото знаење, се стекнал со соодветен број бодови и најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа, а со ставот (4) е уредено дека облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите од ставот (1) на овој член ги утврдува Лекарската,

Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство.

Обновувањето на лиценцата за работа, согласно Законот, е поврзано со исполнување на утврдените услови во периодот на важноста на истата кои имаат за цел унапредување на квалитетот на здравствената заштита и обезбедување на квалитетен и сигурен здравствен третман на пациентите.

Еден од условите е и здравствениот работник со континуирано стручно усовршување, преку следење на новините во медицината, стоматологијата, односно фармацијата да го унапредува сопственото знаење и да се стекне со соодветен број бодови со кои потврдува дека поминал повеќе облици на континуирано стручно усовршување со што се обезбедува одржување и унапредување на стручните компетенции во вршењето на професијата и следење на новините во областа на медицината, стоматологијата, односно фармацијата. На овој начин се обезбедува во здравствениот систем здравствената заштита да ја укажуваат компетентни и стручни здравствени работници кои континуирано ги унапредуваат знаењата и вештините во процес на перманентно стручно усовршување.

Предлогот, здравствениот работник да има посетено најмалку еден стручно -едукативен настан во текот на годината со образложение дека ќе се предвидат поповолни услови за обновување на лиценцата ќе ја стесни можноста за континуирано стручно усовршување и ќе се одрази на одржување и унапредување на стручните компетенции во вршењето на професијата.

Со тоа предлогот отстапува и од едно од основните начела на кои се заснова здравствената заштита, а тоа е начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман. Имено согласно член 11 од Законот ова начело се обезбедува со унапредување на квалитетот на здравствената заштита преку примена на мерки и активности, кои во согласност со современите постигнувања во медицинската наука и практика, ја зголемуваат можноста за позитивен исход, намалување на ризиците и другите несакани последици по здравјето и здравствената состојба на поединецот и општеството во целина.

Со член 2 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита се предлага дополнување на Законот со нов член во кој ќе се даде можност здравствен работник и здравствен соработник, кој работи со полно работно време во јавна или приватна здравствена установа да може по исклучок да склучи договор за вработување на неопределено време во друга здравствена установа, најмалку десет часа неделно со претходна согласност на јавната здравствена установа, каде што е вработен со полно работно време. Истовремено, се предлага да се уреди содржината на договорот и престанокот на истиот.

Причините за донесување на предложеното дополнување се нејасни. Имено, како причина за донесување се наведува „Со предложените решенија ќе се обезбеди повисоко ниво на здравствена заштита и ќе се подобри достапноста на здравствената заштита, ќе се овозможи специјалистите да работат во секоја јавна здравствена установа на територијата на Републиката...“. Не е јасно со предложеното решение какво и кое повисоко ниво на здравствена заштита ќе се обезбеди, а по однос на овозможување на „специјалистите да работат во секоја јавна здравствена установа“ во постојниот Закон за здравствената заштита содржани се одредби со кои се уредува дополнителното работење на специјалистите во установа каде што е вработени или во друга здравствена установа која е регистрирана за истата дејност, како и во приватна здравствена установа (членовите 222- 224).

Покрај тоа, предложената одредба е непрецизна, а со тоа и недоволно јасна. Имено, се предлага здравствен работник и здравствен соработник, кој работи со полно работно време во јавна или приватна здравствена установа да може по исклучок да склучи договор за вработување на неопределено време во друга здравствена установа, а се условува со претходна согласност на јавната здравствена установа каде што е вработен со полно работно време.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, предложен од група пратеници.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од членот 1 од Предлогот на закон со која во членот 35 став (1) од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), бројот ,,5.021“ се заменува со бројот ,,10.142“, во став (2) со кој бројот ,,7.531“ се заменува со бројот ,,15.163“ и во став (3) со кој бројот ,,6.276“ се заменува со бројот ,,12.652“ е неприфатлива и без согледување на развојот на целиот систем за поддршка на децата со попреченост, односно развојот и пристапот до квалитетни и бесплатни услуги кој ќе ја зголемат функционалноста на децата, ќе го овозможат пристапот до квалитетно образование на еднаква основа со другите деца и ќе ја подобрат пристапноста и достапноста до здравствените услуги и ортопедски помагала.

Предлогот на закон е фокусиран само на финансиската поддршка без да се земат предвид останатите потреби на децата и лицата со попреченост.

Со членот 35 од Законот за заштита на децата се уредува висината на правото на посебен додаток кој изнесува 5.021 денари. Притоа, за самохран родител кој има дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 7.531 денари, а за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош и кои имаат дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 25 % и изнесува 6.276 денари. Во ставот (4) е наведено дека утврдените износи се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Согласно порастот на трошоците на живот и соопштението број 4.1.22.02 од 10.01.2022 година на Државниот завод за статистика за 2022 година висината на посебниот додаток изнесува 5.365,00 денари, за самохран родител изнесува 8.047 денари, а висината на посебниот додаток за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош изнесува 6.706,00 денари.

Министерството за труд и социјална политика и во изминатиот период изврши зголемување на висината на правото на посебен додаток за 15% за сите три категории на корисници на правото утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 198/18), а во 2022

година ќе следи  и ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници.

Дополнително, Министерството, изврши темелна анализа за вкупниот број на корисници на правото на посебен додаток и истиот изнесува 6.331, од кои бројот на самохрани родители изнесува 651, а 727 се материјално необезбедени родители, корисници на гарантирана минимална помош.

Министерството за труд и социјална политика е во постојана комуникација со здруженијата на граѓани на лица со попреченост и родителите на децата со попреченост и заедно се креираат решенија за подобрување на социјалните услуги, но и за подобрување на животниот стандард на децата со попреченост и нивните семејства. Во соработка со другите релевантни министерства и институции, а врз основа на барањата на здруженијата на граѓани на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост,  се креира пакет на законски измени и мерки кои се во интерес на унапредување на правата на децата и лицата со попреченост:

- ослободувањето од партиципација за лицата со попреченост над 26 години, корисници на правото за попреченост при специјалистичко-консултативна здравствена заштита, болничко здравствена заштита и за лекови издадени на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување;
- измена и дополнување на Законот за заштита на децата со кој ќе се овозможи ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници;
- намалување на возрасната граница за остварување на правото за траен надоместок за родител кој се грижел за своето дете со попреченост до неговата 26-годишна возраст;
- измена на Законот за социјалната заштита со кое ќе се дополни делот за децата/лицата кои можат да ја користат услугата за лична асистенција и за децата/лицата со комбинирана попреченост, но каде една од попреченостите е  најтешка телесната попреченост;
- измена и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2022 година, каде се предвидува цена за час индивидуален и цена за дневен третман за дете/лице со попреченост од стручен работник во лиценцираните дневни центри за деца со попреченост, односно 858 денари за индивидуален третман и 1.053 денари дневно по корисник;
- воведување на Регистар за лицата со попреченост;
- измена на Правилникот за ортопедски помагала со што ќе се овозможи да се доделуваат ортопедски помагала-чевли на секои 6 месеци за сите возрасни групи;
- подготовка на нова Национална стратегија за лицата со попреченост 2022-2027;
- обезбедување на обуки и понуда на работни места за невработените родители на децата со попреченост во услугите од социјалната заштита и во Дневните центри;
- отворање  на Центар за рана интервенција во соработка со Министерството за здравство и со граѓанските организации;
- отворање на 10 станбени единици за живеење со поддршка за 50 корисници од Специјалниот завод Демир Капија и ЈУ Завод за рехабилитација Скопје.

Министерството ќе продолжи да ги унапредува правата на децата и лицата со попреченост во консултација со граѓанските организации, националните сојузи и родителите на децата со попреченост со кои во изминатите три години ги реализиравме следните мерки и политики:
- воведување на две целосно нови услуги за децата и лицата со попреченост-лична асистенција (269 денари за час) и услугата домашна нега (289 денари за час) платени од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика;

- проширување на правото за попреченост за лицата со интелектуална попреченост;
- зголемување на додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост, од 4000 денари се зголеми на висина до 50% од просечна нето плата исплатена за претходната година;
- воведување на траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26-годишна возраст без да го смести во институција, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж (8000 денари месечно);
- обезбедени средства и вработување на 500 образовни асистенти во наставата за кои се обезбедени 216 милиони денари;
- отворени 7 станбени единици за живеење со поддршка за 35 лица до Специјалниот завод Демир Капија.

Од наведените причини, се смета дека предметниот закон е неприфатлив, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати предложеното законско решение, бидејќи Министерството за труд и социјална политика согласно наведените пакет мерки и извршената темелна анализа за потребите на децата/лицата со попреченост ќе пристапи кон изменување на Законот за заштита на децата и Законот за социјалната заштита со цел унапредување на нивните права и услуги, а со тоа и на животниот стандард на истите.

**Точка 65**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, поднесен од група пратеници.

**Точка 66**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од членот 1 од Предлогот на закон со која во членот 38 ставот (3) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) се брише е неприфатлива и неиздржана во целост.

Во образложението на Предлогот на закон се наведува дека истиот цели кон стимулирање на многудетни семејства, за подобрување на демографската слика на целото општество.

Имено, во членот 38 став (3) од Законот за заштита на децата е наведено дека „правото на родителски додаток за дете се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година“.

Од одредбата на горенаведениот закон произлегува дека правото можат да го остваруваат и користат граѓани кои се во социјален ризик, односно семејства кои имаат ниски приходи.

Пред влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), ова право го остваруваа и семејства кои не се социјално загрозени, бидејќи истото не беше условено со материјален цензус. Семејство со високи материјални приходи и добра економска состојба и семејство без никаков приход можеа да го остварат ова право.

Имајќи ја предвид темелната анализа за наталитетот на државата во подолг временски период согласно податоците од Државниот завод за статистика, која покажува намален тренд, преземените мерки во изминатиот период од десетина години не го дадоа очекуваниот резултат со ваквиот начин на остварување на правото на родителски додаток за дете. Имено, со бројот на корисници на правото, се зголемија и трошоците на државата, а целта заради која истото се воведе не беше постигната.

Од таа причина со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), се изврши праведно насочување на средствата и нивна редистрибуција со воведување и на правото на еднократна парична помош и за второ новородено дете во висина од 20.000,00 денари, продолжување на користење на стекнатото право, како и продолжување на остварување/користење на правото на родителски додаток за дете, за семејство кое е материјално необезбедено. На овој начин се овозможи паричните средства да бидат наменети кон оние граѓани на кои им се најмногу потребни, односно се овозможи поправично остварување на правото на родителски додаток за дете (за трето дете) во зависност од материјалната состојба на семејството, бидејќи целта на социјалната политика е поддршка и заштита на социјално загрозените семејства.

Од горенаведените причини предметниот закон е неприфатлив, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати предложеното законско решение.

## Точка 67

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за основното образование, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 50 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) е уредено дека:

„(1) Учебната година во основното училиште, по правило, започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во услови на вонредни околности од ставот (9) на овој член, учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ставот (1) на овој член, за што одлучува Владата.
(3) Одлуката на Владата од ставот (2) на овој член, може да се однесува на целата територија на Републиката или на нејзин дел.
(4) Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни денови.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во услови на вонредни околности од ставот (9) на овој член, бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата.
(6) Настава во основното училиште не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон.
(7) Најмалку половина од траењето на зимскиот распуст на учениците се платени неработни денови за вработените во училиштето, што се утврдува во Календарот за организацијата и работата на основното училиште. Овие денови не се дел од годишниот одмор и не се засметуваат во неговото траење.

(8) Наставата може да се остварува и во скратено траење за учениците од членот 13 став (1) и членот 14 став (1) од овој закон, но не помалку од 100 наставни денови, по добиена согласност од Министерството, според посебна наставна програма утврдена од министерот, на предлог на Бирото.
(9) Воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.
(10) Во случај на прекин на воспитно-образовната работа заради штрајк, директорот на основното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните основни училишта од министерот, е должен да го обезбеди остварувањето на воспитно-образовната работа со замена на вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот.“

Во Предлогот на закон за изменување на Законот за основното образование, поднесен од група пратеници, се предлага постојниот став (10) да се измени и да гласи:

„(10) Во услови на штрајк при прекин на воспитно-образовниот процес, директорот на основното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните основни училишта од министерот, е должен по прекинот на штрајкот да обезбеди остварување на воспитно-образовниот процес за нереализираните часови според скратени наставни програми, кои на предлог од Бирото за развој на образованието и на Центарот за стручно образование и обука, ги утврдува министерот.“

Владата на Република Северна Македонија, му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе овој предлог закон од причини што во законот е уредено дека дејноста на основното образование е од посебен јавен интерес и воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

Бидејќи дејноста основно образование е од јавен интерес, во услови на прекин на воспитно-образовната работа, Владата одлучува и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година за сите основни училишта. Предложената измена на ставот (10) на членот 50 е во колизија со ставот (9) од истиот член, односно не може истовремено за начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година да одлучуваат и Владата и директорот на основното училиште.

## Точка 68

Владата го разгледа Предлог на закон за изменување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 25 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11,

6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) е уредено дека:
„Воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредните околности од членот 23 став 3 од овој закон, за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото и Центарот за стручно образование и обука, ги утврдува министерот.

Во случај на прекин на воспитно-образовната работа заради штрајк, директорот на средното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните средни училишта од министерот, е должен да го обезбеди остварувањето на воспитно-образовната работа со замена на вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот.“

Во Предлогот на закон за изменување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници, се предлага постојниот став 2 да се измени и да гласи:
„Во услови на штрајк при прекин на воспитно-образовниот процес, директорот на средното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните средни училишта од министерот, е должен по прекинот на штрајкот да обезбеди остварување на воспитно-образовниот процес за нереализираните часови според скратени наставни програми, кои на предлог од Бирото за развој на образованието и на Центарот за стручно образование и обука, ги утврдува министерот.“

Владата на Република Северна Македонија не дава позитивно мислење за овој предлог на закон од причини што во Законот е уредено дека дејноста на средното образование е од посебен јавен интерес и воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото и Центарот за стручно образование и обука, ги утврдува министерот.

Согласно наведеното, бидејќи дејноста средно образование е од јавен интерес, во услови на прекин на воспитно-образовната работа, Владата одлучува и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година за сите средни училишта. Предложената измена на ставот 2 на членот 25 е во колизија со ставот 1 од истиот член, односно не може истовремено за начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година да одлучуваат и Владата и директорот на средното училиште.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон од причина што:

Согласно Законот за Бирото за развој на образованието, член 20 „За директор и за заменик на директорот на Бирото може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум пет години работно искуство во воспитно-образовната работа и ги исполнува условите од членот 17, алинеи 2, 3 и 4 од овој закон и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)-најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)-најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) положен, БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2).
Заменикот го заменува директорот во случај на отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.“

Исто така, во Уставот на Република Северна Македонија, во член 23 „Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.“

Согласно горенаведеното Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, по скратена постапка, поднесен од група пратеници е во спротивност со Уставот на Републиката.

## Точка 70

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Министерството за информатичко општество и администрација е во фаза на финализирање на нов Предлог на закон за административни службеници и Предлог на закон за висока раководна служба.

Изборот, мандатот, правата и обврските на директорот на Агенцијата за администрација ќе бидат регулирани со Законот за висока раководна служба.

Имајќи го предвид горе цитираното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 71

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во

втор степен, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија во јули 2021 година, утврди Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и истиот е во собраниска постапка. Со овој предлог на закон не е предвидено изменување и дополнување на членот 4 од истиот, со кој се утврдени условите за разрешување на претседателот или членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен пред истекот на мандатот.

Доколку пратеничката група сака да го измени членот 4 став (1), потребно е да иницира измена на веќе доставениот Закон, запазувајќи ја деловничката постапка во Собранието.

Согласно предходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе предложениот закон, поднесен од група пратеници.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со предложеното изменување и дополнување на Законот се предвидува додавање на оризот како култура која треба да биде опфатена ео интервенциските мерки, дефинирани во членовите 37, 38, 39, 40, 41, 42 и 43 од Законот за земјоделство и рурален развој.

По однос на предложените измени, се смета дека воведувањето на нова култура која може да биде предмет на интервентен откуп треба да се заснова на искуствата од имплементацијата на сегашното законско решение во однос на интервентниот откуп на пченица со цел да се уреди мерка која ќе се имплементира и ќе ги постигне очекуваните цели. Имајќи предвид дека од донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој во 2010 година, па до денес и покрај неколкуте обиди за спроведување на интервентен откуп на пченица истиот се нема никогаш реализирано пред се поради сложеноста на постапката за интервентен откуп. Од овие причини сметаме дека измените во оваа насока не треба да бидат само во дополнување на Законот со оризот како култура за која може да се спроведе интервентен откуп туку е потребна претходна анализа за изнаоѓање решение кое ќе може да се имплементира и навистина ќе биде механизам за стабилизирање на пазарот со ориз, а не само мерка пропишана како можност без услови за имплементација.

Од наведените причини измените на Законот за земјоделство и рурален развој во делот на интервентниот откуп треба да произлезе како предлог од Владата при што истите ќе бидат усогласени и со Законот за стокови резерви и со останатите државни институции кои имаат надлежност за стоковите резерви.

Исто така, предложените измени на Законот ќе предизвикаат фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија кои не се соодветно проценети.

## Точка 73

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлог на закон се предлага намалување на висината на акцизата за 50% на бензинот и дизелот, а кај течниот нафтен гас за 100%, со оглед на новонастанатата состојба во Украина, а со цел да им се помогне на граѓаните и на компаниите од транспортниот сектор.

Се укажува дека во континуитет се следат движењата на цените на енергенсите на светските берзи.

Во оваа насока, се пристапи кон реализација на одредени решенија во периодот по отпочнување на воениот конфликт во Украина, а со цел ублажување на ефектите од неконтролираниот, забрзан раст на енергенсите на светските берзи, врз малопродажните цени на безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во земјата, во насока на заштита на животниот стандард на граѓаните.

Имено, како резултат на претходно наведеното произлезе Законот за дополнување на Законот за акцизите кој се донесе од Собранието на Република Северна Македонија и се објави во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ број 57 од 12 март 2022 година.

Со овие дополнувања се предвиде по исклучок од постојното законско решение пропишано во член 92 од Законот за акцизите, во услови на големи природни непогоди или епидемии во Република Северна Македонија, на прогласена воена состојба, на утврдено постоење на вонредна состојба или при одлука за постоење на кризна состојба, кога настанале или можат да настанат нарушувања на снабдувањето на населението или пореметувања во снабдувањето на други области (субјекти) со енергенти, да се пресметува намалување на акцизата кај безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во зависност од движењето, односно од висината на зголемувањето на цената на овие енергенти на светските берзи.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија, го одложи воведувањето на еколошката такса за енергенсите како дел од сетот на економски мерки кои беа донесени за справување на енергетската и ценовната криза.

Владата на Република Северна Македонија со особено внимание ги разгледа предложените измени на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници и истовремено будно ги следи состојбите на пазарот со енергенти и останува посветено и фокусирано на разгледување на сите можности за воведување на прифатливи мерки и креирање на политики насочени кон заштита на животниот стандард на граѓаните, особено на ранливите категории на граѓани, како и ликвидноста на компаниите, кога ќе оцени дека има потреба за интервенција во овој сегмент.

## Точка 74

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за надворешни работи, по скратена постапка, поднесен од пратениците Антонијо Милошоски и Драган Ковачки и притоа го утврди следното мислење:

Во член 39 став 1 и став 2 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 42/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15 е пропишана постапката за подготовка на амбасадорите пред преземањето на должноста, кој гласи: „По добивањето на агреманот, кандидатот за амбасадор започнува со подготовки за преземање на должноста, кои траат најмногу 60 дена и се сметаат за завршени по завршниот разговор на кандидатот за амбасадор со министерот и директорите во Министерството.

Начинот на вршењето на подготовките за преземање на должноста на кандидатот за амбасадор, обуката и начинот за организација на завршниот разговор, го пропишува министерот.

По завршниот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, надлежно за надворешна политика“.

Владата на Република Северна Македонија смета дека предложената измена на Законот за надворешни работи е непотребна и на ниту еден начин нема да помогне да се подобри текстот на Законот или да се подобри постапката предвидена во гореспоменатиот дел на сегашниот Закон за надворешни работи.
Во таа насока се укажува дека Министерството за надворешни работи согласно член 39 од Законот за надворешни работи секогаш ги известува Собранието и Комисијата за надворешна политика кога кандидатот за амбасадор ги завршува подготовките за преземање на должноста и замолува закажување на седница на Комисијата за надворешна политика во најкус можен рок со цел презентирање на согледувањата на кандидатот за односите со државата на приемот или меѓународната организација.

Во изминатите години се соочуваме со ситуација во која не се закажуваат седници на Комисијата и со тоа со месеци се одолговлекува упатувањето на амбасадорите во странство.

Истовремено, при разгледување на предлогот, треба да се има предвид фактот дека Министерството за надворешни работи има подготвено нов предлог на Закон за надворешни работи, кој е во постапка на донесување и кој што ќе ги регулира сите прашања поврзани со постапката за подготовка на амбасадорите пред преземањето на должноста.

**Точка 75**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 76**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Подносителите на Предлогот на закон за изменување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија предлагаат измена во однос на член 11 став (2) и (3) алинеја 2 со која бројот „15“се заменува со бројот „20“.

Со постојниот Закон за Судски совет на Република Северна Македонија законодавецот изврши поострување на критериумите за избор на член на Судскиот совет од редот на

судиите, а кои согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор треба да ги исполнуваат најмалку условите за судија на Апелационен суд. Дополнително, се зајакнаа и критериумите за избор на член на Советот по предлог на Собранието на Република Северна Македонија и по предлог на Претседателот на државата кој покрај другите критериуми треба да има работно искуство од најмалку 15 години на правни работи. Измената што се предлага е само во однос на годините работно искуство во правната професија кој од 15 се предлага да биде 20.

Владата смета дека предложениот закон не нуди суштествена измена, дотолку повеќе што законското решение е усогласено со препораките од Венецијанската комисија, ГРЕКО и Оценската мисија на ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители во Република Северна Македонија во делот на изборот и разрешувањето на судиите и претседателите на судовите, одговорност на члeновите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, како и во однос на внесување мерливи квалитативни и квантитативни критериуми за оценување на работата на судиите и претседателите на судот во случај на нивно напредување. Воедно, во постоечкиот закон се внимаваше на целосна избалансираност на критериумите во системот на оценувањето. Истовремено, се интервенираше и во однос на одредбите за член на Совет со право на глас, рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, се зајакна одговорноста во работата на Советот и слично.

Оттука, законодавецот, по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и принципите на Европската Унија со цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на Европската Унија, пристапи кон донесување на постојното законско решение. Оттаму, обврската за хармонизација на законодавството на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија е вградена во членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од предложените измени во Предлогот на закон за изменување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 77

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за периодот 1.1.-31.12.2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 18 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) го следи спроведувањето на мерките од националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведување на истата. Во ставот (7) од истиот член на Законот утврден е рокот за доставување на годишниот и завршниот извештај до Собранието на Република Северна Македонија (најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година).

Согласно горенаведените одредби од Законот, на 31 март 2022 година, Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија го доставила Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година за периодот 1.1.-31.12.2021 година (во понатамошниот текст: Годишниот извештај), кој го усвоила на 30 март 2022 година.

Годишниот извештај е прв извештај за спроведување на мерките предвидени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година (во натамошниот текст: Националната стратегија) и истиот се однесува на спроведувањето на предвидените мерки со рок за реализација до крајот на 2021 година.

Доставувањето на Годишниот извештај од Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија е во функција на запазување на обврската утврдена со горенаведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Годишниот извештај е подготвен врз основа на информации добиени од надлежните институции кои се носители на активности согласно Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија. Како што известува Државната комисија, собирањето на податоците и информациите од надлежните институции првенствено се извршило преку веб-апликација посебно развиена за поефикасно следење на спроведувањето на активностите од Националната стратегија. Извештаите добиени преку веб-апликацијата дополнително биле разгледани на тркалезни маси на кои се дискутирало за спроведувањето и причините поради кои одредени активности се уште не се спроведени.

Во врска со собирањето на информациите и податоците за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија, Државната комисија забележува дека, покрај електронскиот начин на собирање на информации и податоци (преку посебно развиената веб-апликација), потребно е да се одржуваат и меѓуинституционални консултации во редовни временски интервали, заради подобра координација и усогласување.

Понатаму, Државната комисија заклучува дека во процесот на изготвување на секој нареден годишен извештај потребно е сериозно да се земат предвид забелешките дадени од страна на носителите на активностите, забелешките да не бидат само декларативно наведени во наративниот дел на извештајот, а особено онаму каде што се предлага промена на постоечка законска регулатива.

Спроведените активности за собирање на информациите за Годишниот извештај се во функција на спроведување анализа и согледување на потребата да се донесе одлука со која Државната комисија утврдува потреба за изменување на Националната стратегија.

Согласно член 18 став (8) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија донесува одлука за изменување на Националната стратегија кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на Националната стратегија се подготвува во постапка утврдена со член 18 став (5) од Законот, согласно кој постапката се спроведува со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми, и се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија, за усвојување.

Врз основа на согледувањата од Годишниот извештај, Државната комисија констатира дека спроведувањето на постапка за изменување на Националната стратегија е целисходно на потребата за навремено исполнување на обврските. Државната комисија конкретно ја согледала потребата измените на Националната стратегија и Акцискиот план за нејзиното спроведување да се однесуваат на детектираните нови проблеми, на роковите за нереализираните мерки и активности, како и на носителите на активности, каде што е потребно, имајќи ги предвид нивните надлежности.

Со Годишниот извештај, Државната комисија известува дека бројот на мерки и активности предвидени со Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија е правопропорционален со детектираните проблеми, а најголемиот број на активности се предвидени за спроведување во првата година (2021 година).

Од вкупно 111 активности предвидени за спроведување во 2021 година, целосно се реализирани 22 (20%), во тек е реализација на 30 активности (27%), додека 59 (53%) од активностите воопшто не се започнати. Сектори со најголема реализација на активности се секторот Правосудство (78%), потоа секторот Медиуми и граѓанско општество (67%), хоризонталната област Јавни набавки (33%) и секторот Образование (22%). Сектори со најмалку реализирани активности се Труд и Социјална политика, Земјоделство и Спорт.

Проценката на ризици од корупција по хоризонтални области и сектори утврдена со Националната стратегија и понатаму останува релевантна. Дополнително, Државната комисија заклучува дека постојат два проблеми кои треба да бидат внесени во Националната стратегија како посебни области и тоа: Инспекциските служби и Располагањето до имот во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа. Покрај тоа што инспекциските служби се дел од повеќе области/сектори опфатени со Националната стратегија, Државната комисија наведува дека голем број на граѓани се жалат на нивната нефункционалност, особено на локално ниво. Сепак, во Годишниот извештај ваквите тврдења не се поткрепени со конкретни податоци од пријави на граѓани, ниту пак се поткрепени со анализа за капацитетите на постојните институции/тела и состојбата на терен. Во однос на располагањето со имот во државна сопственост и во сопственост на општините, во Годишниот извештај се наведува дека поради отсуство на прецизна законска регулатива, постои голем простор за злоупотреба и корупција.

Со оглед на нискиот процент на спроведување на Акцискиот план на Националната стратегија, Државната комисија препорачува, односно укажува на потребата:
- Да се интензивираат активностите на Собранието на Република Северна Македонија во насока на зголемена отчетност, одговорност и транспарентност на носителите на јавни функции во извршната власт;
- Институциите носители на активности од Националната стратегија да создадат услови за континуиран и ефикасен систем за известување за степенот на реализација на активностите;
- Во рамки на Државната комисија да се формира одделение за следење на реализацијата на Националната стратегија;
- Да се пристапи кон изменување и дополнување на Националната стратегија, во насока на прилагодување на мерките и активностите, инкорпорирање на предлозите на собраниските тела и на новите детектирани проблеми кои се однесуваат на инспекциските служби и располагањето со имот во државна сопственост и во сопственост на единиците на локалната самоуправа.

Со изменувањето и дополнувањето на Националната стратегија се очекува да се придонесе во подобрувањето на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во повеќе сектори на општеството, со тоа да се намали нивото на корупција, а јавноста да има поголема доверба во работата на законодавната, судската и извршната власт.

Содржината на Годишниот извештај генерално се оценува позитивно, но се укажува на потребата да се земат предвид следните забелешки и предлози, вклучително и во врска со потребата за измена на Националната стратегија и Акцискиот план за нејзино спроведување:

- Хоризонтална област вработување

Во врска со активноста која предвидува измена на Законот за вработените во јавниот сектор, заради укинување на можноста за вработување преку агенции за времени вработувања и за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување (Проблем 1, Мерка 1, Активност 1.1), потребно е да се има предвид дека Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор е во финална фаза на подготовка, и активноста ќе се реализира со неговото донесување.

Активноста која предвидува изработка на функционална анализа во субјектите од јавниот сектор (Проблем 1, Мерка 2, Активност 2.1) треба да се смета за реализирана, имајќи предвид дека законодавецот веќе го утврдил основот и обврската за спроведување на функционална анализа во субјектите од јавниот сектор.

Во врска со активноста која предвидува објавување на функционална анализа на веб-страниците на институциите (Проблем 1, Мерка 2, Активност 2.2), потребно е да се има предвид следното: Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022), Приоритетна област 3. одговорност, отчетност и транспарентност, Посебна цел 3.2., активност А.3.2.1.2, органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт имаат обврска да спроведат внатрешни функционални анализи. Податоците континуирано се објавуваат во Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) и истиот е јавно објавен на веб-страницата на Министерството за информатичко општество и администрација.

Понатаму, за реализација на активноста која предвидува анализа на потребата за воведување на годишна проценка за обем на работа во субјектите од јавниот сектор (Проблем 1, Мерка 2, Активност 2.3.), потребно е секоја институција да изготви своја анализа на потребата за воведување на годишна проценка за обем на работа во субјектите на јавниот сектор. Поради тоа, во однос на активноста и нејзиниот носител, потребно е да се има предвид дека Министерството за информатичко општество и администрација е единствено надлежно за креирање на политики за права и обврски на административните службеници, а не и за обемот на работа на институциите во јавниот сектор.

Во врска со активноста која предвидува измена на Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, со цел видот на високо образование да се утврдува преку научни области, а не научни полиња согласно Фраскатиевата класификација на научни области во утврдувањето на видот на образование во актите за систематизација (Проблем 1, Мерка 3, Активност 3.1), потребно е да се има предвид дека е донесен Правилник за измена на Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.217/21). Со донесените измени интервенирано е во делот на средното образование, каде е изоставен делот за вид на струки кај средното стручно образование, па сега видот на средното образование се утврдува само преку наведување на „гимназиско, уметничко и/или средно стручно образование“. Во делот на видот на високото образование нема промени, освен што бројот на научните полиња е зголемен од „три“ на „пет“.

- Сектор политички систем

Во однос на приоритетниот Проблем 3 „Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска“, за мерките за кои е предвидена активност за измена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, потребно е во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата да се направи промена во рокот за реализација, да се има предвид тоа што рокот за подготовка на предлог-законот е поместен по предлог на Државната комисија. Оваа активност е во тек, при што на нејзината реализација работи работна група формирана од Министерството за правда, а во која активно учествуваат претставници на Државната комисија.

Во однос на активностите кои предвидуваат измена на Изборниот законик (под Проблем 6, Мерка 1), потребно е да се земе предвид дека Министерството за правда во наредниот период ќе го започне процесот на подготовка на нов Изборен законик. Со оглед на комплексноста на материјата, како и на потребата ваквиот процес да биде максимално транспарентен и инклузивен и да се овозможи вградување на сите препораки од сите домашни и меѓународни фактори, потребно е да се промени рокот за реализација на активноста и истиот да се определи во соработка со Министерството за правда.

- Сектор правосудство

Во однос активноста која предвидува донесување на нов закон за државно правобранителство, заради зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Државното правобранителство (Проблем 3, Мерка 1, Активност 1.1), потребно е да се преиспита рокот за реализација и во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да се определи нов рок во кој работна група формирана од Министерството за правда, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија ќе подготви, односно разгледа конкретни предлози за спроведување на предвидената мерка.

Во однос на препораките дадени во Поглавјето 5.4 од Годишниот извештај, во насока за да се додаде нова активност за ревидирање на новиот етички кодекс за јавните обвинители (под Проблем 1, Мерка 1), како и во насока под Мерката 2, Активноста 2.1. да се промени и да гласи „Дополнување на општата програма за континуирана обука на судиите, јавните обвинители со обуки и за други таргет групи од институции поврзани со правосудството“, укажуваме дека е потребно да се извршат дополнителни консултации, предвид тековните активности кои се спроведуваат во насока на остварување на целите на предвидените мерки.

- Сектор органи за спроведување на Законот

По однос на мерката и активноста која предвидува воспоставување транспарентност во постапката за вработување и унапредување во Министерството за внатрешни работи, освен за вработувањата што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи (Проблем 1, Мерка1, Активноста 1.1), известуваме дека со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22), активноста е целосно реализирана.

Во врска со активноста која предвидува измена и дополнување на Законот за кривичната постапка, член 47 став 2, за да се дополни надлежноста на припадниците на правосудната полиција при Царинската управа и со кривичните дела од областа Корупција извршени од страна на вработени во Царинската управа (Проблем 2, Мерка 3, Активност 3.1.), укажуваме дека е потребно да се земат предвид претходно

истакнатите забелешки на Министерството за правда. Повторно укажуваме дека измена на Законот за кривичната постапка во насока предвидена со Активноста 3.1 е неприфатлива, бидејќи тоа е во спротивност со концептот кој веќе е имплементиран во Законот за кривичната постапка. Со Законот за јавното обвинителство, член 33, утврдена е исклучивата надлежност на Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Нагласуваме дека Активноста 3.1. беше вклучена во Националната стратегија без да се земе предвид мислењето на Министерството за правда.

Во однос на активноста која предвидува измена и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во насока на допрецизирање на одредбата од член 83 (Проблем 2, Мерка 4, Активност 4.1.), укажуваме на потребата да се преиспита рокот за реализација, имајќи ги превид активностите за измена на Законот кои се во тек, согласно динамиката за работа предложена од Државната комисија.

Што се однесува на активноста која предвидува измена на материјалните закони кои се однесуваат на инспекциските служби, заради воспоставување на обврска за пријавување на имотна состојба и интереси (Проблем 4, Мерка 2, Активност 2.1. ), потребно е да се има предвид дека со Годишната програма за работа на Владата е предвидена подготовка на измени на Законот за инспекциски надзор, во септември 2022 година, и истите ќе се подготват во соработка со Инспекцискиот совет.

Исто така, предвидениот рок за подготовка на измената на Законот за инспекциски надзор, потребно е да се има предвид и во однос на активноста со која е предвидено да се дополнат материјалните закони за инспекциските служби со пропишување на дисциплински мерки за неподнесување на изјави (Проблем 4, Мерка 3, Активност 3.1).

Во однос на Препорака 3 (за активностите 1.1 и 1.2 под Проблем 4, Мерка 1) потребно е да се имаат предвид укажувањата на Министерството за информатичко општество и администрација.

- Сектор образование

По однос на мерките и активностите предвидени под Секторот образование, имајќи ги предвид надлежностите и укажувањата на Министерството за образование и наука, потребно е за повеќе активности да се направи корекција во делот на надлежна институција, и тоа под:

- Проблем 1, Мерка 1, за Активност 1.1. „ Донесување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници“ (наместо МОН, надлежна институција е Биро за развој на образованието;
- Проблем 2, Мерка 3, за Активност 3.2. „Воспоставен механизам за контрола на работата на инспекторите“ (наместо МОН, надлежна институција е Државен просветен инспекторат);
- Проблем 6, Мерка 1, за Активност 1.1. „Донесување подзаконски акти, упатства и насоки“ (наместо МОН, надлежни се единиците на локалната самоуправа).

Понатаму, во врска со Проблем 4, Мерка 1 „Воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основни и средни училишта“, потребно е да се има предвид дека материјалите во врска со активностите 1.1., 1.2. и 1.3. се изготвени и дадени за понатамошно постапување во Собранието на Република Северна Македонија.

По однос на Проблем 5, Мерка 1 „Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно-образовните институции кои не подлежат на Законот за јавни набавки“, спроведувањето на Активноста 1.1. „Донесување на подзаконски акти/правилници е во тек.

- Сектор труд и социјална политика

Во однос на мерките и активностите под Проблем 1 „Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување“, дадени се укажувања за потребно продолжување на роковите и тоа:
- Под Мерка 1, за Активност 1.1. „Измена на законската регулатива од областа на социјалното осигурување, рокот за реализација да биде втора половина на 2023 година, а за Активност 1.2. „Воспоставување единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување“, рокот за реализација да биде прва половина на 2024 година, поради тоа што реализацијата на активноста е предвидена во рамките на СИАП проектот, кој се реализира со финансиска и техничка поддршка на Светска банка. Сите активности во рамките на овој проект се пролонгирани, во најголем дел поради состојбата со пандемијата;
- Под Мерка 2, за Активност 2.2. „Донесување на законско решение за формирање на телото за вештачење/оцена“, рокот за реализација да биде прва половина на 2023 година, а за Активност 2.3. „Формирање на телото за вештачење/оцена“, рокот за реализација да биде втора половина на 2023 година од истите причини како за активностите 1.1. и 1.2.;
- Под Мерка 4, за Активност 4.1. „Донесување на Методологија за спроведување на контроли (редовни и ад-хок)“ и за Активност 4.2. „Спроведување на редовни и на ад-хок контроли (не само по основ на претставки)“, рокот за реализација да биде втора половина на 2022 година, поради потребни човечки ресурси и обезбедување на сите процедури за постапување на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Активноста 2.1. „Изработка на анализа за тековниот процес за оцена на инвалидноста/способноста за работа“ е реализирана во прва половина на 2022 година од страна на експерти ангажирани во рамките на проектот СИАП.

- Сектор животна средина

Во врска со Мерка 1 „Воспоставување на регионални центри за управување со отпад“, известуваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање интензивно работи на обезбедување средства за инвестиции во инфраструктурата за регионално управување со отпад во сите осум плански региони. Имено, за пет региони (Вардарски, Југоисточен, Југозападен, Пелагониски и Полошки Регион) во финална фаза се преговорите со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) за обезбедување на заем (кредит) во висина од 55 милиони евра, а за Скопскиот, Источниот и Североисточниот Регион обезбедени се грант средства преку ИПА III програмата за изградба/надградба на регионалните системи за управување со отпад, јавните претпријатија ќе оперираат со системите.

- Сектор спорт

Укажуваме дека е потребно во соработка со Агенцијата за млади и спорт да се определат нови рокови за реализација на активностите за законско регулирање на објектите за спорт (Проблем 1, Мерка 3, активности 3.1. и 3.2), како и за активноста која предвидува измена и дополнување на Закон за спортот во делот за инспекциски надзор (Проблем 2, Мерка 1, Активност 1.2 ), поради тоа што пред да се пристапи кон

нормативно регулирање на оваа материја неопходно е од страна на Агенцијата за млади и спорт да се спроведе сеопфатна анализа на состојбите.

Во врска со горенаведените укажувања, за реализација на активностите кои предвидуваат измена на регулативата во секторот спорт, потребно е да се има предвид неопходноста од обезбедување придонес од Агенцијата за млади спорт, поради тоа што Министерството за правда не располага со стручна служба специјализирана во областа.

- Сектор економија и бизнис

Во врска со Проблем 2 Мерка 1, известуваме дека Владата на Република Северна Македонија го овласти министерот за економија да склучи Договор за изготвување на Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини, со Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ). Со Договорот, МАНУ се обврзува да ја изработи Стратегијата за минерални суровини во рок од две години, а ќе се однесува за период од 2024 до 2044 година. Со Стратегијата за минерални суровини се определува обемот и начинот на реализација на основните геолошки истражувања, одржливото искористување и потребите за експлоатацијата на минералните суровини кои се од битно значење за развојот на стопанството на Република Северна Македонија, односно ќе даде одговор на укажаниот проблем во Националната стратегија за спречување на корупцијата. Поради тоа, укажуваме на потребата рокот за реализација на Активноста 1.1. „Изработка на физибилити студија за утврдување на состојбите со користењето на природните ресурси по области“ да се продолжи, и наместо „втора половина на 2021 година“, да гласи „втора половина на 2024 година“.

Под Проблем 3, Мерка 2, во врска со Активност 2.1, со која е предвидено постојниот регистар на моторни возила кој се води при Министерството за внатрешни работи да се надгради со можност податоците да бидат јавно достапни и лесни за пребарување по институции, потребно е да се има предвид известувањето од Министерството за внатрешни работи со кое известува дека не води регистар на моторни возила, туку само евиденција на регистрирани моторни возила. Согласно член 25 став 4 точка 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија има пристап до базите на податоци, односно ова министерство на Државната комисија и дава податоци од евиденцијата на регистрирани моторни возила (листа на возила во сопственост на физичко и правно лице, листа на сопственици на моторни возила). Исто така, потребно е да се има предвид член 8-6 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), согласно кој „Државната комисија за спречување на корупцијата на својата веб-страница го објавува регистарот на службени моторни возила на јавни фондови, јавни претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал“ (линк кон веб-страницата на Државната комисија каде веќе е објавен Регистар на возила на државни органи, органи на локална самоуправа, јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал: http://www.dksk.org.mk/vehicles/test/). Поради тоа, за надлежна институција за активноста потребно е да се определи Државната комисија. Доколку е потребно ажурирање на некои податоци (во кое треба да се наведе единствен матичен број на институција од јавниот сектор или единица на локалната самоуправа), на барање на Државната комисија, Министерството за внатрешни работи ќе одговори односно ќе достави точни податоци.

Под Проблем 4, Мерка 1, во врска со Активност 1.1, потребно е да се има предвид известувањето кое Министерството за информатичко општество и администрација го доставило до Државната комисија, со кое е укажано дека со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Македонија" бр.107 од 30.7.2013 година) извршено е соодветно уредување на постапувањето при подготовка на ПВР во однос на објавување на причините за донесување на определено законско решение, главните предлози кои биле предмет на разгледување и влијанието на избраното решение врз економската клима и бизнис заедницата. Оттука, со оглед дека предметното барање од активноста е веќе регулирано и уредено во Методологијата за проценка на влијанието на регулативата, Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата и Одлуката за формата и содржината на извештајот за проценка на влијанието на регулативата (https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1484), потребно е статусот за оваа активност наместо „нереализирана" да се промени и да гласи „реализирана".

- Сектор јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и едниците на локалната самоуправа

Во однос на Мерката 1 и Активност 1.1 под Проблем 1, Владата на Република Северна Македонија укажува дека законската надлежност за воспоставување и водење регистар со податоци за сопственишто и финансиски резултати на трговските друштва е на Централниот регистар и на Централниот депозитар за хартии од вредност. Начинот и постапката за ажурирање на податоците во рамки на наведените надлежни институции, како и начинот на добивање на податоците за трговските субјекти, е регулиран со Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за едношалтерски систем и водење трговски регистар и регистар на други правни лица и Законот за Централниот регистар. Оттука, со оглед на тоа што не постои недостиг од унифицирани и официјали информации за трговски субјекти во сосопственост на државата и единиците а локалната самоуправа, потребно е Проблем 1, Мерка 1 и Активноста 1.1 под истите да бидат преоценети.

Воедно, во однос на проблемот на непостоење единствен регистар со база на податоци на сите јавни претпријатија основани од Владата, Градот Скопје и општините, цениме дека ваков регистар треба да се води во рамки на активностите на Централниот регистар.

Во однос на Проблем 3 „Несоодветна правна рамка за работењето на претпријатијата во сопственост на државата и единиците на локалната самоуправа", информираме дека Министерството за економија во рамки на ЕУ ИПА Проект е во постапка на усогласување на Законот за трговските друштва и останатите поврзани закони, со најновото законодавство на ЕУ, во областите Право на трговските друштва, Законска ревизија и Корпоративно сметководство, така што во рамки на роковите предвидени со Мерка 1 и активностите 1.1 и 1.2., се предвидува донесување нов закон за трговските друштва, нов закон за ревизија и нов закон за водење сметководство, во кои ќе бидат инкорпорирани најновите европски директиви и регулативи од овие области.

Понатаму, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22) ограничен е бројот на членови на управен одбор на јавно претпријатие основано од Владата, Градот Скопје и општината во која живеат над 50.000 жители на седум членови, а во општина која има до 50.000 жители бројот на членови на управен одбор е пет членови. Исто така, постапката за избор на членови на управен одбор е утврдена

да се одвива транспарентно, односно се распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица.
Во таа насока, донесен е и Законот за изменување и дополнување на Законот за установите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22), со кој бројот на членови на органот на управување на јавна установа е ограничен од три до пет членови. Членовите во органот на управување се именуваат по завршување на утврдените услови во јавниот повик и конечниот избор. Органот за надзор во јавната установа е составен од три члена.

Со донесувањето на горенаведените законски измени, цениме дека е исполнета мерката „Оптимизирање на бројот на членови во надзорни и управни органи на јавните претпријатија и јавните установи“ и мерката „Воведување на критериуми за вид на образование и компетенции при изборот и именување на членови на управните и надзорните одбори“. Изборот на директори се утврдува со поединечни посебни закони.

- Сектор медиуми и граѓанско општество

Под Проблем 1, Мерка 1, во врска со Активноста 1.1. со која е предвидено изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, потребно е да се има предвид дека активноста не е реализирана во предвидениот рок, од причина што предвидено е формирање работна група која со добиената ТАИЕКС техничка помош ќе работи на транспонирање на новата ЕУ Директива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, покрај утврдувањето на обврската за институциите од јавниот сектор и единиците на локалната самоуправа јавно да ги објавуваат извештаите за склучени и реализирани договори од кој било вид со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници.

Под Проблем 3, Мерка 1, за активностите 1.1. и 1.2. кои предвидуваат изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, во насока на пропишување обврска за воспоставување и ажурирање на единствена база на податоци со информации за доделените средства и ефектите од проектите за сите граѓански организации кои добиваат средства од јавни институции и единиците на локалната самоуправа, напоменуваме дека е потребно да се изврши промена на рокот за реализација. Имено, согласно планот за работа на Министерството за правда за 2022 година е предвидено да се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, во тек е формирање на работна група. Поради комплексноста на материјата, неопходно е процесот на подготовка да биде инклузивен и да се спроведат консултации во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни, во временска рамка соодветна за таа цел.

- Генерални забелешки

Се укажува на потребата согледувањата да се поткрепат со конкретни податоци односно анализи, особено кога станува збор за идентификувани нови проблеми кои би биле опфатени за решавање со мерки и активности во рамки на Националната стратегија. Понатаму, повторно укажуваме на потребата за методолошко усогласување на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија, од аспект на разложувањето на предвидените мерки во активности, определувањето на надлежните институции и фискалните импликации (потребните износи на финансиски средства и извори на финансирање). Исто така, потребно е да се воспостави ефикасен механизам за следење на реализацијата на Акцискиот план, особено имајќи предвид дека со ревидираната Методологија за проширување на Европската Унија, усвоена во февруари 2020 година, содржана во документот „Зајакнување на процесот на пристапување-Кредибилна перспектива на ЕУ за Западен Балкан“, на Европската комисија, Борбата

против корупцијата ќе се следи како хоризонтално прашање, во рамки на првиот кластер т.н. Фундаменти, под Поглавјето 23 Правосудство и фундаментални права.

Конечно, доколку Државната комисија донесе одлука за изменување на Националната стратегија, во процесот на подготовка на измената потребно е да се имаат предвид горенаведените забелешки и веќе започнатите конкретни активности и процеси во насока на остварување на определени мерки утврдени со Националната стратегија чијшто пристап може да се разликува од предвидениот со постојниот Акциски план. Исто така, потребно е да се има предвид потребата за појаснување на одредени термини и предложени мерки во постојниот текст на Националната стратегија, како и прецизирање на констатациите со кои се презентираат одредени состојби, имајќи ги предвид поединечните мислења на надлежните институции.

Во врска со определување на насоките за изменување на Националната стратегија, укажуваме дека еден од заклучоците од последниот XVI состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, кој се одржа на 17-18 ноември 2021 година, е натамошна имплементација на мерките од Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 и Акцискиот план за нејзино спроведување. Во тој контекст, од особена важност е да се имаат предвид и индикаторите и областите на интервенција во Стратешкиот одговор за Прозорец 1. Владеење на правото, фундаментални права и демократија, Тематски приоритет 2. Борба против корупцијата, кои ќе бидат основа за финансиската поддршка од ЕУ за оваа област, преку новиот инструмент за претпристапна помош ИПА III.

Зајакнувањето на капацитетите за борба против корупција е особено важно ако се има предвид дека согласно новата ревидирана методологија за проширување-„Зајакнување на процесот на пристапување-Кредибилна перспектива за Западен Балкан“, со која се воведуваат тематски кластери, Борбата против корупцијата ќе се следи во рамки на првиот кластер, а резултатите ќе бидат услов за подлабока секторска интеграција и напредок во сите понатамошни кластери. Напредокот во преговорите во овој кластер ќе влијае и на динамиката во сите други кластери, а затворањето на секое поглавје кое е поврзано со политиките на борба против корупцијата ќе зависи од постигнатите конкретни резултати.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека за остварување на целите на Националната стратегија неопходно е остварувањето на соработка меѓу институциите координирана од страна на Државната комисија.

**<u>Точка 78</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (РКЕ) за 2021 година, и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 36 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги најдоцна до 30 април во тековната година, до Собранието на Република Северна Македонија доставува Годишен извештај за својата работа во претходната година.

Во извештајот е даден преглед на активностите реализирани од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во текот на 2021 година, со посебен осврт и на регулирање на водните услуги и извештај за примена на тарифите за водни услуги, со

издвоен дел за издадени решенија за утврдување на тарифи за водни услуги по региони.

Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на законските надлежности и за материјално финансиското работење. Согласно член 35, став 1, од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:

-наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас кои можат да вршат дејност во Република Северна Македонија;

-надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа и водни услуги;

-наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и странски друштва кои вршат дејност во Република Северна Македонија;

-посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на даватели на водни услуги, остварен од давањето на водни услуги.

Пазарот на електрична енергија, особено во првата половина од 2021 година, забележал позитивни трендови и покрај пандемијата со ковид-19. По целосната либерализација се зголеми бројот на потрошувачи кои самостојно избраа свој снабдувач со електрична енергија и поради ова имаше зголемен број постапки за промена на снабдувач со електрична енергија, којшто во 2021 година е зголемен за 14% споредено со 2020 година.

Исто така, се зголеми и бројот на активни снабдувачи со електрична енергија, којшто во 2021 година изнесуваше 18 активни снабдувачи, односно за четири повеќе отколку во 2020 година.

Во 2021 година продолжи зголемувањето на потрошувачката на електрична енергија од отворениот пазар, којашто беше поголема од потрошувачката на електрична енергија од регулираниот пазар и изнесуваше 53,34% од вкупната бруто-потрошувачка на електрична енергија.

Во 2021 година е забележен значаен пораст на потрошувачи на електрична енергија кои инсталираат фотонапонски панели за производство на електрична енергија за обезбедување на дел од сопствените потреби од електрична енергија, како и пораст на производители на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали.

Сепак, втората половина на 2021 година ја одбележаа значајни нарушувања во функционирањето на пазарот на електрична енергија поради високиот пораст на цените што резултираше со прогласување на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија од страна на Владата на Република Северна Македонија, на 9 ноември 2021 година, којашто беше продолжена од Собранието на Република Северна Македонија до 9 јуни 2022 година.

Од јули 2021 година започна нагло зголемување на цените на електрична енергија на регионалните берзи и истото се одрази врз набавните цени на снабдувачите на електрична енергија во државата, кои се соочија со раскинување на договорите со добавувачите од регионот, односно значително зголемување на цените на енергијата, што резултираше и со раскинување на договорите.

Ова, пак, се одрази врз работењето на електроенергетскиот систем од аспект на континуирано ангажирање на системските резерви, односно појава на значителен дисбаланс на целиот електроенергетски систем, што доведе и до празнење на водата во акумулациите.

Паралелно на ваквата состојба се случи и намалено производство на електрична енергија на најголемиот домашен производител АД ЕСМ. Недостатокот од електрична енергија се обезбеди од увоз и со пуштање во работа на ТЕЦ Неготино.

Во 2021 година продолжи трендот на зголемено количество природен гас пренесен преку системот за пренос, во износ од 426 милиони $nm^3$, пред се заради работата на когенеративните постројки и топланите на природен гас.

Ова е досега најголемо количество на природен гас пренесен преку системот за пренос од почетокот на неговата работа и претставува зголемување за 26,13 % во однос на пренесените количества на природен гас во 2020 година, односно изнесува над 53,25 % од вкупниот капацитет на системот за пренос на природен гас.

Како одраз на енергетската криза што започна во втората половина од 2021 година, просечната увозна цена на природниот гас во 2021 година забележа значителен раст од 36,6 % во однос на увозната цена во 2020 година, односно 7,6 % во однос на просечната увозна цена на природниот гас во 2019 година.

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост продолжи со изградба на нови магистрални гасоводи, со што се овозможува поврзување на сите главни урбани центри во државата со системот за пренос на природен гас.

Во 2021 година се изврши финансиска трансакција за откуп на уделот на Макпетрол АД Скопје во АД ГАМА од страна на државата, со што АД ГАМА стана компанија во целосна државна сопственост. Во првата половина од 2022 година се очекува да заврши процесот на спојување на АД ГА-МА и НЕР во еден правен субјект, по што ќе се создадат услови да се изврши сертификација на операторот за пренос на природен гас од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Во 2021 година продолжи позитивниот тренд на пораст на бројот на приклучени потрошувачи кон системите за централно греење на територијата на град Скопје, при што бројот на потрошувачи во најголемиот систем за централно греење е зголемен за повеќе од 3 %.

Цените на суровата нафта во текот на 2021 година се зголемија како резултат на олабавувањето на ограничувањата поврзани со пандемијата со ковид-19, зголемувањето на стапките на вакцинација против ковид-19 и растечката економија.

Сето тоа резултираше со зголемување на глобалната побарувачка од нафта, при што потребите ја надминаа понудата на нафта на светско ниво.

Спот-цената на суровата нафта од типот „брент", ја започна годината со 50 $/bbl и се зголеми на највисоко ниво од 86 $/bbl на крајот од октомври 2021 година пред да се намали во последните недели од годината. Годишниот просек на нафтата „брент" за 2021 година изнесува околу 71 $/bbl и истиот е највисок просек за изминатите три години.

Глобалното производство на нафта се зголеми побавно од побарувачката, што доведе до повисоки цени. Забавеното зголемување на производството најмногу се должи на намалувањето на производството на сурова нафта од ОПЕК+ што започна кон крајот на 2020 година. ОПЕК и другите земји, кои го координираат производството со ОПЕК, објавија во декември 2020 година дека ќе продолжат да го ограничуваат производството во текот на 2021 година за да се поддржат повисоките цени на суровата нафта. Трендот на движење на цените на суровата нафта и нафтените деривати на светските берзи директно се рефлектираа и во носењето на одлуки за цени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Во текот на 2021 година Регулаторната комисија за енергетика, согласно со овластувањата утврдени во Законот за енергетика* и Законот за енергетска ефикасност* донесе 10 општи акти и девет акти од областа на енергетиката и одобри 25 правни акти на вршители на енергетска дејност, од кои 18 акти се од областа на електричната енергија, три се од областа на природниот гас и четири се од областа на топлинската енергија.

Во текот на 2021 година Регулаторната комисија за енергетика издаде 67 лиценци за вршење на енергетски дејности, од кои 61 се за вршење на енергетска дејност од областа на електричната енергија, три од областа на природниот гас и три од областа на нафтените деривати. Од вкупно 272 постапки за одлучување по приговори поведени пред Регулаторната комисија за енергетика во 2021 година, 110 беа усвоени, 154 одбиени, отфрлени или запрени, а за осум приговори постапката продолжи во 2022 година.

До Регулаторната комисија за енергетика во текот на 2021 година беа доставени 17 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои на 15 барања беше одговорено, а две барања беа препратени до надлежни институции на одговор.

Финансиските средства потрошени за работење на Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со надлежностите од Законот за енергетика* и Законот за утврдување на цени на водните услуги, во 2021 година изнесуваат 70.309.996 денари и се за 11,21% помали од планираните финансиски средства за 2021 година.

Ова намалување е поради нереализирање на дел од планираните активности во текот на 2021 година, пред се како резултат на глобалната пандемија со ковид-19.

Вкупниот број вработени во Регулаторната комисија за енергетика на 31.12.2021 година изнесува 44 лица, од кои седум се членови на Регулаторната комисија за енергетика,

34 лица се во стручните и административните служби и тројца вработени како помошно-технички персонал.

Според Годишниот извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2021 година, надоместокот од вкупниот годишен приход од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги изнесува 0,0441%. Согласно Законот за енергетика*, истиот се утврдува со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија и не може да биде повисок од 0,1%.

Вкупните наплатени приходи во 2021 година изнесуваат 64.808.383 денари, при што:

-57.927.579 денари или 89,38% од вкупните приходи се од наплатениот надоместок на носителите на лиценци кои вршат енергетски дејности;

-3.329.927 денари или 5,14% се наплатени приходи од издавање на лиценци;

-2.106.867 денари или 3,25% од вкупните приходи се од наплатениот надоместок на давателите на водни услуги;

-1.350.000 денари или 2,08% се наплатени приходи од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги и

- 94.010 денари или 0,15 % се наплатени приходи по други основи (по основ на камата од редовно работење, по судски одлуки, курсни разлики и сл.)

Владата на Република Северна Македонија, цени дека доставениот извештај во делот на табеларниот преглед на остварени приходи од работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за 2021 година, треба да се дополни со податоци за планираните приходи за 2021 година, процентот на нивното остварување во 2021 година во однос на планот и соодветно образложение за отстапувањата од планот.

Вкупните расходи во 2021 година изнесуваат 70.309.996 денари и се за 11, 21% помали во споредба со планот поради променетиот начин на работа и објективната неможност за реализација на одредени активности предизвикани од глобалната пандемија на ковид-19.

Во структурата на вкупните расходи, одредено зголемување во однос на планот се забележува кај средствата наменети за инвестициско одржување на основните и транспортните средства, огласување, фотокопирање, печатење и сл, превоз-транспортните услуги и трошоците за членарини.

Исто така, доставениот Извештај треба да се дополни со образложение за зголемувањата на горенаведените расходни позиции во однос на она што било планирано.

Владата на Република Северна Македонија со оглед дека со Извештајот се опфатени сите области кои ги покрива Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на

Република Северна Македонија, а кои произлегуваат од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18), Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/16) и подзаконските акти, нема забелешки по истиот, освен горенаведените укажувања.

## Точка 79

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 6 ставови (2) и (5) од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/19), поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по истото.

Овој материјал претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 80

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 279 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20 и 215/21), поднесено од пратеникот Александар Вељановски и притоа го утврди следново мислење:

Според Барањето за автентично толкување на член 279 став (1) од Законот за трговските друштва, не е јасно дали од оваа законска одредба произлегува дека кога со одлука за издавање акции се издаваат приоритетни акции, таквите акции согласно одредбите од Законот може да бидат едновремено кумулативни и партиципативни приоритетни акции.

Во оваа смисла согласно членот 279 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120,13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22) е уредено дека:

„(1)Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни“.

Понатаму, во ставовите (2) и (3) од истиот член, поединечно за секоја класа од приоритетните акции, се утврдени, а воедно и разграничени правата кои истите ги даваат на сопственикот на акцијата.

Според ставот (2) од членот 279 од Законот, „Кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обичните акции.“ Ова значи дека, кај овие акции, дивидендите (определени во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата-фиксна дивиденда), што не се исплатени на време, се кумулираат се додека акционерското друштво не биде во можност да ги исплати. Додека не се исплатат кумулираните дивиденди, акционерското друштво не може да им исплаќа дивиденди на сопствениците на обичните акции.

Додека, пак, согласно ставот (3) од членот 279 од Законот „Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обичните акции.“ Ова значи дека партиципативните приоритетни акции, покрај фиксниот износ на дивиденда, даваат можност и за учество и во остатокот од нето-добивката, кој вообичаено им се распределува на сопствениците на обичните акции.

Притоа, имајќи ги предвид цитираните законски одредби од член 279 од Законот за трговските друштва произлегува дека приоритетните акции може да бидат кумулативни или партиципативни, односно не е предвидено дека постои и трета класа на приоритетни акции како комбинација од двете законски дефинирани класи, за што во одговорот се дава и детално правно објаснување.

Во заклучните зборови од Барањето за автентично толкување, пратеникот Александар Велјановски бара Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на членот 279 став (1) од Законот за трговските друштва во насока на тоа „дали кога со одлука за издавање акции се издаваат приоритени акции, таквите акции согласно одредбите од Законот можат да бидат едновремено и кумулативни и партиципативни приоритетни акции, со што е јасно дека класите на приоритетни акции може меѓусебно да се комбинираат?“

Ваквото толкување на членот 279 став (1) од Законот за трговските друштва е несоодветно и погрешно, пред се од формално правен аспект, од причина што во рамки на самиот член 279, во кој се утврдени класите на приоритетните акции, не постои изречна одредба со која е предвидено постоење трета комбинирана т.е. мешовита класа приоритетни акции, како „кумулативно-партиципативни приоритетни акции“.

Според членот 280 став (3) од Законот, „Приоритетните акции, во согласност со одредбите на овој закон, можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас.“

Според членот 278 став (2) од Законот, „Приоритетните акции кога имаат право на глас, покрај правата од ставот (1) на овој член, даваат и други повластени права, како што се правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда, правото на исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса и други права определени во статутот и во одлуката за издавање акции, во согласност со закон. Приоритетните акции кои не даваат право на глас го стекнуваат ова право кога со овој закон, односно со статутот тоа е определено.“

Оттука, се цени дека се неосновани тврдењата на барателот на автентичното толкување дека ставот (3) од членот 278 од Законот, дава можност приоритетните акции да се комбинираат во повеќе класи, со тоа што овој став предвидува дека „Правата од приоритетните акции од ставот (2) од членот 278 од Законот, можат да се остваруваат поединечно или заедно“.

Дотолку повеќе, а поради фактот што ако аналогно се толкува одредбата од член 280 став (3) од Законот за трговските друштва каде постои само сврзник „и“, а не сврзник „или“, па сосема е јасно дека приоритетните акции можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас, односно тие не може истовремено да бидат издадени како акции со право на глас и без право на глас, како што впрочем во Барањето за автентично толкување се алудира и сака да се прикаже дека приоритетните акции според класата можат да бидат истовремено и кумулативни и партиципативни.

Ова значи дека од analogia iuris на употребата на сврзникот „и“ во двете одредби од член 279 (став (1) и во член 280 став (3) не е неопходно тој да биде заменет со употреба на сврзникот „или“ за да се смета дека едната класа ја исклучува другата класа приоритетни акции, како што приоритетните акции со право на глас ги исклучуваат приоритетните акции без право на глас. Или со други зборови, доколку законодавецот сметал дека треба да има и трета класа на приоритетни акции, тоа соодветно би го нормирал во член 279 од Законот за трговските друштва.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање автентично толкување на член 279 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120,13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Александар Велјановски, со оглед на тоа што одредбата е јасна и прецизна.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.148388, за КО Охрид 4, на КП бр.5438/27, КП бр.5575/12 и КП бр.6417/24, викано место/улица Беј Бунар и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2 КО Штип -5, викано место/ улица Гладно Поле, евидентирано во Имотен лист бр.20290 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иво Серафимоски од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 7508 и Имотен лист број 22320, за КО Тетово 3, на КП број 12625, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8668 и Имотен лист бр.3652 за КО Берово на КП бр.3371 викано место/улица 11 Октомври и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 85**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Методија Костадинов од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 15 јуни 2022 година, доставено под И.бр.574/21, за налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште запишано на Имотен лист бр.1096 за КО Глуво Бразда, на КП бр. 408/1 дел 1, викано место/улица Крст и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 86**

1. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп бр.02-176/3 од 9 мај 2022 година, со која за директор на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп со мандат од четири години се избира д-р Александар Василевски-научен советник.

2. Владата го разреши Зоран Шапуриќ од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Владата го именува Јане Станкоски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Фатмир Арифи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Ветон Мурати од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

6. Владата ја разреши Христина Митевска од должноста член на Органот за надзор на Јавната установа Центар за социјална работа-Кратово, на нејзино барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

6.1 Владата ја именува Слаѓана Краљевска за член на Органот за надзор на Јавната установа Центар за социјална работа-Кратово.

7. Владата ја разреши Елизабета Бахтовска од должноста член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации.
7.1 Владата ја именува проф. д-р. Татјана Атанасова-Пачемска, претставник на Интрауниверзитетската конференција на Република Северна Македонија за член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации.

8. Владата го разреши Рејхан Садику од должноста претседател на Управниот одбор на Државниот испитен центар.
8.1 Владата ја именува Хикмете Селмани од Министерството за образование и наука за претседател на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

9. Владата ја разреши Миријанка Алексиевска од должноста член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за труд и социјална политика.

9.1 Владата ја именува Драгица Митревска-Исаиловска за член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за труд и социјална политика.

10. Владата го разреши Благој Ефтимов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза „Јасеново“-Велес, поради истек на мандатот.

10.1 Владата ја именува Милена Гигова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза „Јасеново“-Велес.

11. Владата го отповика Ванчо Филипов од должноста член на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ-Велес, поради истек на мандатот.

11.1 Владата го избра Блажо Костов за член на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ-Велес.

12. Владата го разреши Златко Колев од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

12.1 Владата го именува Златко Колев за член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи предлозите под реден број 1, 2 и 3, а кои се однесуваат на именување на национален координатор за медијација, утврдување коефициент за пресметување на плата, како и предлог-заклучокот за објавување на јавен оглас да се разгледаат на наредната седница на Владата.

**<u>Точка 87</u>**

**1.** По повод разорниот земјотрес во Република Српска, Општина Љубиње, во кој се предизвикани значајни материјални штети, а со цел ублажување на последиците од истиот Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во износ од 1.000.000,00 денари, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**2.** По повод претстојниот државен празник 2 Август-Ден на Републиката, Владата ги задолжи Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Секторот за односи со јавноста да остварат комуникација со Општина Крушево и Одборот за одбележување „10 дена Крушевска Република“, со цел навремено преземање на потребните активности и координација со надлежните институции за организација на прославата за одбележување на државниот празник 2 Август-Ден на Републиката.

**3.** По повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, за проблемите со кои се соочува Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, поради тоа што од страна на надлежните институции не се номинирани лица кои ќе работат во истиот, или номинираните лица не доаѓаат/нередовно доаѓаат во Центарот, Владата ги задолжи Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи, а Министерството за правда да укаже на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во најбрз можен рок, до Министерството за внатрешни работи да номинираат лица со цел нормално функционирање на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 24 мај 2022 година до 30 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 31 мај 2022 година до 6 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 мај 2022 година до 1 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 28 мај 2022 година до 4 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија .

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 5 јуни 2022 година до 10 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 јуни 2022 година до 8 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** По повод укажувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, а во врска со најавениот штрајк на Сојузот на синдикатите на Македонија, за 22 јуни 2022 година, Владата формира Одбор за помирување на Владата како работодавач, со претставниците од Сојузот на синдикатите на Македонија, во состав:

- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, претседател,
- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, член,
- м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, член и
- м-р Јована Тренчевска министерот за труд и социјална политика, член.

**11.** Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на заклучок, донесен на Седмата седница на Владата одржана на 29 септември 2020 година по Информацијата за потребата од запишување на корисничкото право на земјиштето на Армискиот полигон Криволак на Министерството за одбрана, го прифати Барањето и заклучи да престане да важи Заклучокот под реден број 3., донесен по Информацијата за потребата од запишување на корисничкото право на земјиштето на Армискиот полигон Криволак на Министерството за одбрана.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт-извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2021 -декември 2021 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2021 година на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за април 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот број 2 по т.21 Информација со предлози за справување со високото ниво на загадување на воздухот во Република Македонија, во текот на летниот период и во текот на целата година донесен на Дваесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19 септември 2017 година, со кој е задолжено Министерството за животна средина и просторно планирање еднаш месечно до Владата да доставува Извештај за нивото на загаденост на воздухот во Република Македонија.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за управување со опасен отпад од фитофармацевтски производи, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за периодот 1 јануари -31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/627 на Советот од 13 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија, заради учество во вежбовна активност „Летен кампус 2022“ и ја донесе Одлуката со заклучок текстот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош (ИПА III), со Рамковна спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III).

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и национален ИПА координатор, м-р Бојан Маричиќ, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III).

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на оценска мисија на Европската комисија на тема: Борба против организираниот криминал и корупцијата, со фокус врз конфискација на незаконски стекнат имот и употреба на специјални истражни мерки, која ќе се одржи од 20 до 24 јуни 2022 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за критериумите за воспоставување на нов Комитет за градење на отпорност во НАТО и воспоставување на национална структура за спроведување на политика на НАТО за градење на отпорност.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за политички систем.

**Точка 100**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска, со текст на Протокол, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Го прифати Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска.

2. Се овластува г. Дане Талески, амбасадор, постојан претставник во Постојаната Делегација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во името на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска.

**Точка 102**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

3. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции да номинира член.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска, со текст на Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска.

2. Се овластува Дане Талески, амбасадор, постојан претставник во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел, во името на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/660 на Советот од 21 април 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 105**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во академската 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ја започне и спроведе постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал преку издавање на хартии од вредност за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за тековната година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да започне процес на преговарање со потенцијални инвеститори на меѓународниот пазар на капитал.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во учебната 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/628 на Советот од 13 април 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на Владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 109**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во

државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

3. Го донесе Решението за формирање на комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции да номинира член.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2022/2023 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 111**

Владата го разгледа Дополнувањето на Информацијата во врска со доставената понуда од Европска банка за обнова и развој за финансиска поддршка за тековното работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, доставена на 18 март 2022 година, а во врска со Распоред [10]-Програма на Европската банка за обнова и развој за заемопримачот и реструктурирање на македонскиот сектор за електрична енергија, која е услов за добивање на финансиската поддршка за тековно работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, го усвои и заклучи:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со АД ЕСМ-Скопје веднаш да ја известат Европската банка за обнова и развој дека Владата се согласува со предлог условите/мерките и роковите за спроведување на истите наведени во Програмата на Европската банка за обнова и развој за заемопримачот и реструктурирање на македонскиот сектор за електрична енергија.

2. Се укажува на АД ЕСМ-Скопје, во соработка со Министерството за економија и Министерството за финансии да ги продолжат активностите со Европската банка за обнова и развој за обезбедување на заемот, со државна гаранција.

## Точка 112

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Решението за распуштање на Советот на Општината Тетово, со Предлог-решение и притоа заклучи:

1.Ја усвои Информацијата во врска со Решението за распуштање на Советот на Општината Тетово.

2. Го донесе Решението за распуштање на Советот на Општина Тетово по сила на закон, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Согласно член 159 од Изборниот законик и член 76 став 3 од Законот за локалната самоуправа, заклучи да го извести Собранието на Република Северна Македонија, заради распишување на предвремени избори за членови на Советот.

## Точка 113

Владата го разгледа Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи (*), по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 114

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обновливи извори на енергија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка, со кој ќе се избрише одредбата со која општината издава решение за поставување на фотонапонски системи на кров за потрошувачите-производители.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**